Република Северна Македонија

Министерство за локална самоуправа

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА, ЗА 2024 ГОДИНА [1]

Скопје, декември 2025 година

[1] Извештајот е подготвен врз основа на известувањата од општините доставени до Министерството за локална самоуправа за воспоставени облици на меѓуопштинска соработка, за 2024 година.

Содржина:

1. Вовед
2. Основни принципи и правни рамки на МОС
3. Улогата на Министерството за локална самоуправа во развојот и следењето на меѓуопштинската соработка
4. Квалитативна и квантитативна анализа за МОС во Република Северна Македонија за 2024 година, според доставени известувања од општините до Министерството за локална самоуправа за воспоставени облици на меѓуопштинска соработка
4.1. Добиени известувања за остварена соработка
4.2. Области на соработка
4.3. Табеларен приказ на МОС според области и број на склучени договори
4.4. Вклученост на општини
4.5. Табеларен приказ на вклучени општини и склучен број на договори за МОС
4.6. Табеларен приказ на вклучени општини и склучен број на договори за МОС склучени пред 2024 години, а со трајност и во 2024 година
4.7. Финансиски импликации
4.8. Табеларен приказ на финансиските импликации од остварената МОС
4.9. Траење на договорите
5. Стратегии за развој на МОС – СИГМА
5.1. Анализи, придобивки, предизвици и препораки за развој на МОС
5.2. Проблеми и предизвици во МОС
5.3. Препораки за подобрување на МОС
5.4. Извештај за оценката на примената на принципите на јавна администрација во Република Северна Македонија, за 2024 година

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА, ЗА 2024 ГОДИНА [2]**

## 1. Вовед

Меѓуопштинската соработка (во понатамошниот текст: МОС) се смета за клучна алатка за зајакнување на капацитетите на локалните самоуправи во Република Северна Македонија, особено во контекст на ефикасноста на јавните услуги, инфраструктурата и решавањето на заеднички проблеми во општините. МОС е регулирана со Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и со Закон за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.241/24), кои ја поставуваат правната рамка за заедничко вршење на работи од надлежност на општините и остварување на заеднички интереси и цели меѓу општините.

Меѓуопштинската соработка (МОС) е основа за подобрување на управувањето на локалната власт во Република Северна Македонија. МОС се покажала како ефективен начин за јакнење на локалната администрација и подобрување на услугите на граѓаните.

Соработката помеѓу општините може да понуди повеќе бенефити, како што се намалување на трошоците, подобрување на јавните услуги, обезбедување на поголеми ресурси и зајакнување на локалната демократија. Но, како и во многу други региони, меѓуопштинската соработка во Република Северна Македонија се соочува со различни предизвици кои треба да се решат за да се обезбеди успешна имплементација на проектите.

## 2. Основни принципи и правни рамки на МОС

Законот за локалната самоуправа системски ги поставува основите на МОС, утврдувајќи им можност на општините меѓусебно да соработуваат. Заради остварување на заедничките интереси и вршење на заедничките работи од надлежност на општините, тие можат да здружуваат средства и да формираат заеднички јавни служби, во согласност со закон. Истотака, со цел извршување на одделни надлежности, општините можат, исто така да формираат заеднички административни тела во одредени области, во согласност со закон. Општините можат да соработуваат и со единици на локалната самоуправа на други земји, како и со меѓународни организации на локалните заедници, како и да членуваат во меѓународни организации на локалните власти.

Со Законот за меѓуопштинска соработка, конкретно се уредени начинот, условите и постапката за воспоставување на меѓуопштинска соработка и облиците преку кои се остварува, финансирањето, евиденцијата и надзорот над меѓуопштинската соработка, како и други прашања од значење за меѓуопштинската соработка.

Според Законот, општините можат да соработуваат во различни области од надлежност на општините. Законодавството, исто така, овозможува и користење на различни инструменти за поттикнување на меѓуопштинската соработка.

Во рамките на оваа правна рамка, соработката може да се случува преку различни форми, како што се:

а) формирање на тела за меѓуопштинска соработка:

[2] Извештајот е подготвен врз основа на известувањата од општините доставени до Министерството за локална самоуправа за воспоставени облици на меѓуопштинска соработка, за 2024 година.

- заедничко работно тело и комисија и
- заедничко административно тело и

б) основање на заеднички јавни служби
- заедничко јавно претпријатие и
- заедничка јавна установа.

Меѓуопштинската соработка може да се остварува и преку склучување договори за:
- здружување на финансиски, материјални и други средства и
- вршење на определени работи од страна на една општина за една или повеќе други општини.

Законот, иако е солидна правна основа, остварувањето на МОС се соочува со недостаток на финансиски и институционални капацитети, што е еден од основните предизвици за успешна имплементација на МОС.

## 3. Улогата на Министерството за локална самоуправа во развојот и следењето на меѓуопштинската соработка

Министерството за локална самоуправа (МЛС) има централна улога во развојот, следењето и унапредувањето на меѓуопштинската соработка (МОС) во Република Северна Македонија. Согласно со Законот за локална самоуправа и Законот за меѓуопштинска соработка, Министерството е надлежно да обезбедува системска поддршка за унапредување на соработката меѓу општините, како и да го следи спроведувањето на Законот за МОС. Согласно Законот за МОС, Министерството за локална самоуправа е надлежно да води евиденција за меѓуопштинската соработка и да врши надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за МОС.

Министерството за локална самоуправа има обврска да изготвува и доставува до Владата на Република Северна Македонија годишен извештај за остварување на меѓуопштинска соработка.

Иако овие обврски постојат подолг период, после подолг период ова е првпат да се изработи годишен извештај за остварената меѓуопштинска соработка, со што се воспоставува основа за континуирано институционално следење и оценување на резултатите во оваа област.

Овој извештај претставува важен чекор кон институционализација на процесот на следење на МОС и поставување на стандарди за транспарентно и одржливо известување во наредните години.

Министерството за локална самоуправа, како координатор на политиките за децентрализација и регионален развој, има клучна улога во унапредување на меѓуопштинската соработка како инструмент за поефикасно управување, подобра распределба на ресурси и зголемена регионална кохезија.

Со Правилникот за внатрешна организација на Министерството за локална самоуправа од 2023 година, вршењето на работите кои се однесуваат на меѓуопштинската соработка премина од Секторот за регионален развој во Секторот за локална самоуправа. Структурирано е посебно Одделение за поттикнување, надзор и евиденција на меѓуопштинска соработка.

Министерството, во рамки на своите организациски и кадровски капацитети, има воспоставено едно работно место посветено на меѓуопштинската соработка – советник за МОС, кој е одговорен за собирање, обработка и анализа на податоци од општините, како и за подготовка на аналитички и извештајни материјали. И покрај ограничените ресурси, МЛС обезбедува континуирана поддршка на општините преку информирање, советување и посредување при воспоставување или ажурирање на договорите за соработка.

Во последната година донесени се измени на Законот за меѓуопштинска соработка, со цел усогласување на составот на Комисијата за поттикнување и следење на МОС со измените на Законот за организаицја и работа на органите на државната управа, како и усогласување на целиот текст на Законот во однос на уставното име на државата.

Дополнително, согласно Законот за МОС овластени се двајца државни службеници да водат евиденција на воспоставената меѓуопштинска соработка. Евиденцијата се води врз основа на пристигнатите дописи од општините со кои известуваат за воспоставените облици на МОС.

Пред да изврши евидентирање на воспоставените облици во евидентиот лист, Министерството врши проверка на доставената документација и за сите некомплетни документи, Министерството остварува соработка со градоначалниците на вклучените општини, со цел обезбедување на комплетна и исправна документација за да може соодветниот облик на соработка да биде евидентиран во евиденцијата за остварена МОС која ја води Министерството. Задолжително се бараат да бидат доставени одлуките на советите на влучените општини, изводоци од службените гласници на општините во кои се објавени тие одлуки, како и да биде доставен извадок од Службен весник на РСМ во кој е објавен склучениот договор меѓу општините за воспоставена МОС (или да достават податок за бројот на Службениот весник на РСМ).

Евиденцијата на склучените договори за МОС, се врши само врз основа на комплетни документи.

Свесно за предизвикот кој се наметнува во водењето на евиденцијата за склучени договори за МОС дека истата исклучиво зависи од известувањата на општините, а со цел унапредување на процесот на прибирање на податоци за склучени договори за МОС, во 2025 година, Министерството со циркуларен допис до сите општини, побара од градоначалниците да го известат Министерството за сите евентулани облици на воспоставена МОС за кои немаат доставено известување до Министерството за локална самоуправа.

Врз основа на пристигнатите известувања до Министерството за локална самоуправа од страна на општините, со кои тие известуваат за воспоставени облици на МОС, подолу следи квалитативен и квантитативен преглед на воспоставени облици на МОС.

## 4. Квалитативна и квантитативна анализа за МОС во Република Северна Македонија за 2024 година, според доставени известувања од општините до Министерството за локална самоуправа за воспоставени облици на меѓуопштинска соработка

### 4.1. Добиени известувања за остварена соработка

Во текот на 2024 година, до Министерството за локална самоуправа пристигнаа 13 дописи со известувања за воспоставена, или продолжена меѓуопштинска соработка и 2 постоечки МОС (едната со важност до 2027 година, а другата на неопределено време).

Дописот од општина Јегуновце со кој го известува Министерството за локална самоуправа за остварена МОС не е евидентиран во евиденцијата за МОС, од причини што при анализа на доставените документи во постапката, Министерството за локална самоуправа забележа неусогласеност помеѓу актите за воспоставување на МОС помеѓу општината Јегуновце и општината Брвеница.

Имено, советот на општината Јегуновце донел одлука за продолжување на веќе воспоставена меѓуопштинска соработка и за продолжување на веќе постоечкиот Договор,

заведен под бр, 03-8/1 од 03.01.2023 година, додека советот на општината Брвеница донел одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка и за склучување на нов Договор, којшто подоцна е склучен помеѓу двете општини и заведен под број 03-155/1 од 25.01.2024 од Општина Јегуновце и број 03-206/1 од 26.01.2024 од општина Брвеница. Во Законот за меѓуопштинска соработка децидно е утврдено дека договорот за вршење на определени работи од страна на една општина за една или повеќе општини го склучуваат градоначалниците на тие општини. Законот дава можност за склучување на само еден важечки договор помеѓу општините кои меѓусебно соработуваат.

Од тие причини, а со оглед на настанатата ситуација во конкретниот случај на давање на правна сила на два договори за воспоставена меѓуопштинска соработка, Министерството за локална самоуправа побара да биде отстранета утврдената недоследност, за да може согласно одредбите на Законот за меѓуопштинска соработка да изврши евиденција на меѓуопштинската соработка во конкретниот случај.

### 4.2. Области на соработка

Најчестите области на соработка вклучуваат:

- **Инспекциски надзор** – Покрива различни инспекциски услуги како што се градежни инспекции, животна средина, комунална инспекција, урбанизам и патен сообраќај. Соработката овозможува поголема покриеност на терен и ефикасност при вршењето на надзорот, особено во помалите општини кои немаат доволно човечки ресурси.
- **Управување и располагање со градежно земјиште сопственост на РСМ** – Оваа форма на соработка придонесува кон поефикасна примена на законската регулатива и рационално користење на административните капацитети.
- **Внатрешна ревизија** – Неколку договори се однесуваат на обезбедување на внатрешни ревизорски услуги, најчесто помеѓу помали општини. Со тоа се обезбедува усогласеност со законските барања и зајакнување на контролата на финансиското работење.
- **Комунални работи и заштита на животната средина**
- **Противпожарна заштита** – Според договорите, неколку општини соработуваат за обезбедување на противпожарна заштита преку ТППЕ (Тимови за противпожарна заштита). Оваа соработка е особено значајна за општините со ограничени технички и човечки ресурси, бидејќи им овозможува брза мобилизација на сили и опрема при интервенции, како и заеднички обуки и превентивни активности.

### 4.3. Табеларен приказ на МОС според области и број на склучени договори

| **Реден број** | **Област на соработка** | **Број** |
|---|---|---|
| 1 | Инспекциски надзор – градежна инспекција/урбанизам | 6 |
| 2 | Внатрешна ревизија | 3 |
| 3 | Комунални работи и заштита на животната средина | 3 |

| Реден број | Област на соработка | Број |
|---|---|---|
| 4 | Противпожарна заштита | 2 |
| 5 | Инспекциски надзор – инспекција за патен сообраќај | 2 |
| 6 | Урбанизам | 2 |
| 7 | Инспекциски надзор – комунална инспекција | 1 |
| 8 | Инспекциски надзор – инспекција за животна средина | 1 |

### 4.4. Вклученост на општини

Во текот на 2024 година, од пристигнатите дописи за воспоставување на 12 МОС, заклучуваме дека се вклучени вкупно 17 општини. Три општини се вклучени во 3 МОС, една општина во 2 МОС и 13 општини во по 1 МОС.

Од веќе постоечките МОС, склучени пред 2024 година, вклучени се 4 општини.

### 4.5. Табеларен приказ на вклучени општини и склучен број на договори за МОС

| Реден број | Општини | Број на договори |
|---|---|---|
| 1 | Битола | 3 |
| 2 | Демир Хисар | 3 |
| 3 | Кочани | 3 |
| 4 | Могила | 2 |
| 5 | Богданци | 1 |
| 6 | Виница | 1 |
| 7 | Врапчиште | 1 |
| 8 | Гази Баба | 1 |
| 9 | Гевгелија | 1 |
| 10 | Дебар | 1 |
| 11 | Дебрца | 1 |
| 12 | Кратово | 1 |
| 13 | Новаци | 1 |
| 14 | Петровец | 1 |
| 15 | Пробиштип | 1 |
| 16 | Ресен | 1 |

| Реден број | Општини | Број на договори |
|---|---|---|
| 17 | Струга | 1 |

**4.6. Табеларен приказ на вклучени општини и склучен број на договори за МОС склучени пред 2024 години, а со трајност и во 2024 година**

| Реден број | Општини | Број на договори |
|---|---|---|
| 1 | Конче | 1 |
| 2 | Неготино | 1 |
| 3 | Кочани | 1 |
| 4 | Виница | 1 |

**4.7. Финансиски импликации**

Најголемиот број од договорите вклучуваат финансиски импликации како што се месечни износи за одредени услуги или исплата за ангажирани работници.

Најчесто, општините кои примаат услуги (Примателите) се задолжени за плаќање на услугите.

**4.8. Табеларен приказ на финансиските импликации од остварената МОС**

| Реден број | Општина Примател | Финансиски износ | Област на услуга - надлежност |
|---|---|---|---|
| 1 | Демир Хисар | Финансиски средства за патни трошоци или обезбеден превоз | 1. Управување и располагање со градежно земјиште сопственост на РСМ |
| 2 | Кратово | Износ на 1 бруто плата на внатрешниот ревизор од општина Кочани за извршени најмногу 2 ревизии со вклучени трошоци | 1. Внатрешна ревизија |
| 3 | Демир Хисар | 10.000,00 денари по завршена работа + финансиски средства за патни трошоци или обезбеден превоз | 1.Одделението за урбанизам,<br>2.Комунални работи и заштита на животната средина,<br>3.Издавање на одобрение за градење и решенија за изведување на градби за кои не е потребно одобрение за градење,<br>4.Донесување на урбанистички планови, издавање на изводи од урбанистички плански документации. |

| Реден број | Општина Примател | Финансиски износ | Област на услуга - надлежност |
|---|---|---|---|
| 4 | Новаци | Новаци ќе ангажира времено вработување на 4 пожарникари преку АВРМ со сите законски прописи (Закон за пожарникарство и Закон за работни односи) | 1. Противпожарна заштита што ја врши ТППЕ Битола со покривање на подрачјето на општина Новаци |
| 5 | Могила | Могила на свој трошок времено ќе вработи 4 пожарникари и ќе им ги обезбеди сите права според Законот за пожарникари и Законот за работни односи | 1. Противпожарна заштита што ја врши ТППЕ Битола со покривање на подрачјето на општина Могила |
| 6 | Дебрца | 2.000 денари месечно кои општина Дебрца како корисник услугите ќе ги исплаќа на сметка на општина Струга како давател на услугите | 1. Внатрешна ревизија<br>**2**. Инспекциски надзор (општински комунален инспектор, овластен градежен инспектор за животна средина, овластен инспектор за патен со**О**браќај на општината). |
| 7 | Петровец | Општина Петровец ќе го ангажира градежниот инспектор од општина Газа Баба најмалку 2 дена во месецот и за тоа ќе биде исплатен во бруто износ на плата (за наведениот период) | 1. Инспекциски надзор (од областа на градежната инспекција) |
| 8 | Дебар | Општина Дебар ќе исплаќа месечен износ на општина Врапчиште, а висината на износот ќе зависи од бројот на дополнителни работни часови на ангажираните административни службеници | 1. Инспекциски надзор (овластен градежен инспектор) |
| 9 | Виница | Општина Виница ќе исплаќа месечен износ на општина Кочани по добивање на фактура, а висината на износот ќе зависи од бројот на дополнителни работни часови на ангажираните административни службеници | 1. Инспекциски надзор (овластен градежен инспектор) и<br>2. **У**рбанизам |
| 10 | Пробиштип | Цената на услугата што ќе ја пружа КЈП Водовод - Кочани ќе се утврди согласно позитивните законски прописи | 1. Комунална услуга собирање, транспортирање и депонирање на комунален цврст отпад. |

| Реден број | Општина Примател | Финансиски износ | Област на услуга - надлежност |
|---|---|---|---|
| 11 | Битола | Преку Ценовник со утврдени цени по релација, изразени по ученик на дневна база | 1. Превоз на ученици од страна на Јавно Претпријатие Дехи Транс основано од Општина Демир Хисар во корист и за сметка на општина Битола |
| 12 | Богданци | 7000.00 ден месечно | 1. Инспекциски надзор (овластен градежен инспектор) |
| 13 | Конче | 5.000,00 ден месечно | 1.За вршење на инспекциски надзор од областа на градежната и сообраќајна инспекција врз основа на иницијатива согласно Законот на инспекциски надзор |
| 14 | Виница | 60.000,00 денари, за една извршена ревизија | 1. Внатрешна ревизија |

### 4.9. Траење на договорите

Договорите имаат различни времетраења. Најчесто, договорите се склучуваат на краток рок, односно во времетраење од една година, но има и договори за неопределено време, за повеќе од една година, договори без наведени рокови и договори што се продолжуваат.

Примерите вклучуваат:

- **Краткорочни договори (до 1 година) – 7 договори за МОС**: Демир Хисар и Ресен, Демир Хисар и Могила, Дебрца и Струга, Гази Баба и Петровец, Врапчиште и Дебар, Кочани и Виница и Гевгелија и Богданци.
- **Долгорочни договори (на неопределено време или додека трае потребата) – 2 договори за МОС:** Кочани и Кратово и Битола и Демир Хисар.
- **Непрецизиран рок – 1 договор за МОС:** - Кочани и Пробиштип.
- **Продолжување на договори со анекси - 2 договори за МОС**: Битола и Новаци и Битола и Могила.
- **Договори склучени пред 2024 година со подолг временски период од 1 година – 2 договора за МОС:** Конче и Неготино од 2023 до 2027 година и Кочани и Виница од 2022 година на неопределено време.

Во текот на 2024 година, до Министерството за локална самоуправа не е пристигнато известување за предвремено прекинување на склучен договор за МОС (Одлука за престанок на воспоставена МОС).

## 5. Стратегии за развој на МОС – СИГМА

### 5.1. Анализи, придобивки, предизвици и препораки за развој на МОС

Врз основа на претходно истражување (2023), СИГМА во 2024 издаде публикација „Меѓуопштинска соработка во земјите од Западен Балкан“[3], во која се нотирани податоци за

[3] https://www.sigmaweb.org/en/publications/inter-municipal-co-operation-in-the-western-balkans_a78a01e6-en.html

МОС и во Република Северна Македонија. Во публикацијата, дадени се генерални и посебни препораки за секоја земја од Западен Балкан.

Кога општините имаат многу надлежности и кога се слободни да го организираат доставувањето услуги на граѓаните и да ги исполнуваат административните обврски, постојат многу прилики кога соработката со други општини може да донесе значителни придобивки.

Некои од придобивките на МОС вклучуваат:

• Меѓуопштинската соработка може да помогне во решавањето на проблемите со фрагментацијата на локалните власти (човечките и фискалните капацитети за исполнување на надлежностите итн.) како алтернатива на политички чувствителното и помалку популарно решение на спојување;

• Меѓуопштинската соработка може да доведе до инвестиции што не би биле реализирани од поединечни локални власти;

• Граѓаните можат да бидат подобро услужени со поефикасни јавни услуги;

• Локалните власти можат да добијат поголеми финансиски и административни капацитети (на пример, да аплицираат за фондови за претпристапна помош кои се премногу големи за општините да ги добијат поединечно) (OECD, 2021);

• Концентрацијата на човечките ресурси/капацитети може да го зголеми квалитетот на услугите и да го намали финансискиот товар, особено на малите локални власти;

• Стратешкото планирање може да има корист од територијален пристап. МОС може да се воспостави не само за доставување услуги туку и за планирање и инвестиции.

• Соработката помеѓу општините за цели на застапување се покажала како ефикасна (OECD, 2023).[4]

Не постои единствена дефиниција за меѓуопштинска соработка и важно е да се адаптира фокусот на анализата според обемот. На пример, при анализа на соработка помеѓу голем број на мали локални власти (на пример, мали општини), повеќе внимание може да се посвети на соработката во полето на заедничката испорака на јавни услуги, на пример во областа на социјална грижа, административни услуги или управување со комунални услуги.

При анализа на мал број релативно големи локални власти, повеќе внимание може да се посвети на нивната соработка во контекст на големи инфраструктурни проекти.[5]

### 5.2. Проблеми и предизвици во МОС[6]

И покрај многуте предности, меѓуопштинската соработка во Република Северна Македонија се соочува со неколку предизвици, како што се:

• **Финансиски ограничувања и предизвици:** Многу општини имаат ограничени ресурси и немаат доволно финансии за да ги спроведат проектите за соработка што понекогаш доведува до одложувања или откажување на заедничките проекти. Недостатокот на поддршка од централната власт е уште еден фактор кој го ограничува напредокот на МОС. Кога ќе се земе во предвид и фактот дека многу општини се соочуваат со ниски приходи и високи трошоци, потребно е да се создадат дополнителни финансиски стимули и механизми.

[4] Sigma, Toolkit for analysis of local governments, January 2025
[5] Sigma, Toolkit for analysis of local governments, January 2025
[6] Sigma, Toolkit for analysis of local governments, January 2025

• **Недостаток на координација:** Локалните власти честопати не се доволно координирани, што доведува до конфликтни интереси меѓу општините, како и до слаб организиран напор за заедничко решавање на проблемите. Меѓуопштинската соработка бара добро координирање помеѓу различни општини и нивните институции. Недостатокот на професионални кадри и слабата институционална поддршка од страна на централната власт ја отежнува соработката и успесите во многу проекти.

• **Недоволна институционална поддршка:** Понекогаш, централната власт не обезбедува доволно поддршка за МОС, што го намалува капацитетот на општините да спроведат ефективни проекти.

### 5.3. Препораки за подобрување на МОС

Според текстовите од Sigma[7], општо гледано за да се зголеми успешноста на меѓуопштинската соработка, потребно е:

• **Јакнење на институционалните капацитети:** За успешна имплементација на проекти за соработка, локалните и централните власти треба да се фокусираат на едукација и обука на кадровите ресурси.

• **Инвестиции во инфраструктура:** Локалните самоуправи треба да се здружуваат за заедничко инвестирање во инфраструктурни проекти, кои ќе понудат долгорочни бенефиции.

• **Поголема координација меѓу општините:** Создавањето на регионални центри за координација ќе помогне во намалување на конфликтите и во подобро спроведување на заеднички проекти.

• **Поттикнување на јавни приватни партнерства (ЈПП):** Воведување на јавни и приватни партнерства може да обезбеди дополнителни финансиски извори и подобра ефективност на проектите.

• **Поддршка од централната власт:** Потребно е да се осигура дека владата ќе обезбеди поголеми финансиски средства за заеднички проекти, како и да го подобри механизмот за контролирање на распределбата на средствата.

• **Образование и обука на локалните лидери**: Клучно е да се обезбедат тренинзи и обуки за локалните власти и службеници во јавната администрација, за да можат да ги реализираат проектите за соработка.

• **Поттикнување на иновации во финансирањето**: Развој на нови механизми за финансирање - како што се јавни приватни партнерства или користење на фондови од Европската унија — ќе го зајакне потенцијалот на МОС.

Со цел понатамошно унапредување на меѓуопштинската соработка, потребно е континуирано институционално јакнење, стабилна поддршка од централната власт и систематско следење на резултатите од постоечките иницијативи.

МОС треба да остане стратешки инструмент за подобрување на локалното управување и територијалната кохезија.

Во публикацијата на СИГМА која се однесува на МОС во земјите од Западен Балкан, дадени се генерални препораки за сите земји од Западен Балкан и поединачни препораки за секоја земја поединачно[8].

---

[7] Sigma, Toolkit for analysis of local governments, January 2025

[8] https://www.sigmaweb.org/en/publications/inter-municipal-co-operation-in-the-western-balkans_a78a01e6-en.html

Како општи препораки за централните администрации за подобрување на меѓуопштинската соработка дадени се следните:

• **Подобра регулатива**: Подобрување на законодавството за меѓуопштинска соработка, вклучувајќи ги и секторските закони, за да се обезбеди јасна типологија, која ги опфаќа различните цели и потреби на сеопфатен и меѓусебно исклучив начин. Каде што е можно и општо прифатено, разгледајте ја промоцијата на задолжителната меѓуопштинска соработка за да се обезбеди обезбедување на одредени услуги со исто ниво на квалитет низ општините.

• **Финансиски стимулации**: Разгледајте го воведувањето на одржливи наменски буџети за поддршка на иницијативите за меѓуопштинска соработка. Разгледајте ги даночните стимулации за проекти базирани на меѓуопштинска соработка.

• **Техничка помош**: Развијте јасни упатства за воспоставување различни организациски модели. Промовирајте ја меѓуопштинската соработка преку работилници, сојузи на општини и други форми на комуникација.

• **Градење капацитети:** Олеснување на обуката за претставниците и персоналот на локалната самоуправа за да ги разберат предностите на договорите за меѓуопштинска соработка, да научат како да воспоставуваат договори за меѓуопштинска соработка и да обезбедат финансирање.

• **Одржливост на договорите за меѓуопштинска соработка**: Промовирајте ја стабилноста на договорите за меѓуопштинска соработка со национални стратегии и финансиски стимулации. Оние со активен и ефикасен проект воспоставен на подолг рок можат да добијат поддршка од централната администрација.

• **Собирање податоци**: Недостатокот на регистри го попречува ширењето на добрите практики. Обезбедете системско и редовно собирање информации за договорите за меѓуопштинска соработка на централно ниво. Овозможете електронска размена на податоци помеѓу централното ниво и локалната самоуправа.

• **Иновација и најдобри практики**: Меѓуопштинската соработка може да доведе и до иновации и споделување на најдобри практики меѓу општините. Со покривање на овие иницијативи, медиумите и институциите како што се Сојузите на општини, како и одговорните министерства, можат да помогнат во споделувањето на овие иновации и најдобри практики со пошироката публика, охрабрувајќи повеќе општини да ги усвојат.

• **Одговорност и транспарентност**: Повеќе јавни дискусии за меѓуопштинската соработка можат да помогнат да се обезбеди дека овие иницијативи се транспарентни и отчетни. Повикувањето на функционерите од централната и локалната власт на одговорност за нивните постапки може да помогне во спречувањето на корупцијата и да се обезбеди дека ресурсите се користат во најдобар интерес на локалните заедници.

За Република Северна Македонија, од страна на СИГМА се детектирани неколку области кои заслужуваат поголема помош и разгледување:

• Законот за меѓуопштинска соработка би можел да вклучи задолжителни форми на меѓуопштинска соработка за остварување на надлежностите и на начин утврден со овој или друг закон.

• Министерството за локална смаоуправа би можело да ја поттикне меѓуопштинската соработка преку посебна наменска буџетска програма согласно Законот за меѓуопштинска соработка.

• Законот за меѓуопштинска соработка би можел да ја поедностави постапката за воспоставување меѓуопштинска соработка и да ги намали роковите бидејќи малите општини немаат доволно човечки ресурси за управување со сложени процедури.

• Законот за меѓуопштинска соработка би можел да воведе нов формат - меѓуопштинска соработка со општини од други земји, за да ја утврди постапката за воспоставување меѓуопштинска соработка со општини од други земји, како и начинот на водење евиденција.

• Активирање на електронско водење евиденција за меѓуопштинската соработка во МЛС и овозможување на електронска размена на документи со општините. Обезбедување технички услови за користење на електронскиот систем за водење евиденција за меѓуопштинска соработка со други земји.

• Воведување практика на правење анализа на трошоци и придобивки по области за најефикасниот и најекономичен начин за испорака на услуги во однос на бројот на корисници, врз основа на која би можела да се воспостави задолжителна меѓуопштинска соработка.

• Дизајнирање и воведување специјализирана обука за меѓуопштинска соработка за вработените во локалната администрација, со цел развивање и користење на меѓуопштинската соработка за поголема корист на локалните заедници.

• Подготовка на компаративна анализа на искуствата од други земји, која ќе ги спореди меѓуопштинската соработка и асиметричната децентрализација, од перспектива на поекономично и поефикасно обезбедување услуги.

## 5.4. Извештај за оценката на примената на принципите на јавна администрација во Република Северна Македонија, за 2024 година [9]

**ПРЕПОРАКА од Акцискиот план за имплементација на Извештајот**

- Владата, во консултација со единиците на локална самоуправа и другите партнери, треба да размисли за развој на нови механизми и/или политики за понатамошно зајакнување на меѓуопштинската соработка, особено во областите во кои повеќето витални функции ги извршуваат единиците на локална самоуправа **(за)** (на пр. управување со отпад).
  РОК: III 2026 година

По разгледување и давање на мислење на Извештајот за остварување на МОС за 2024 година, од страна на Комисијата за поттикнување и следење на МОС, Министерството за локална самоуправа истиот ќе го достави до Владата на Република Северна Македонија.

Подготвил: Сузана Најкова и Татјана Јаневска
Проверил: Кети Давчева

[9] https://www.sigmaweb.org/en/publications/public-administration-in-the-republic-of-north-macedonia-2024_071bad9d-en.html